## Извадок на дел од дневни настани 26.04.2023

Полициски службеници од Отсекот за општ криминал при СВР Штип, по преземени мерки и активности, расчистија шест кривични дела „тешка кражба" извршени од куќи на територијата на Штип во текот на март и април годинава. Поради постоење основи на сомнение дека е сторител на делата од слобода бил лишен Е.Ј.(18) од Штип. Во службен разговор во полициска станица тој ги признал делата. Поголем дел од украдените предмети биле пронајдени и вратени на оштетените граѓани. По целосно документирање на случаите, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.04.2023 во Скопје, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Д.А.(18) од Скопје. Тој се сомничи дека на 24.04.2023 во Градски парк одзел електричен тротинет од Г.Т.(20) од с.Марино, општина Илинден. Лицето било задржано во полициска станица и во службен разговор го признал делото. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, против Д.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.04.2023 во 12.40 и во 16.00 часот во тетовско Желино, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Џ.У.(23) од Желино и З.А.(21) од с.Озормиште. Тие се сомничат дека во текот на ноќта на 21/22.04.2023 извршиле тешка кражба во работилница, сопственост на М.Б.(52) од тетовска Мала Речица, при што одзеле повеќе предмети. Двајцата биле задржани во Полициска станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 25.04.2023 околу 10.30 часот на улица „Панче Поповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 54-годишниот С.Ј. од Охрид. Тој се сомничи дека на подрачјата на Гостивар, Кичево, Охрид и други места извршил повеќе кражби на велосипеди, кои потоа ги продавал во други места. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и против него ќе следува поднесок.

На 26.04.2023 во 02.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Б.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.04.2023 во 19.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар ги лишиле од слобода Р.Т.(26) и А.У.(36), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.04.2023 на ул.„Дебарца" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп го лишиле од слобода Н.С.(20) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.04.2023 во 13.00 часот на магистрален пат Кичево-Демир Хисар, кај место викано „Павли Дол", полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода З.Џ.(61), П.В.(51) и Д.Д.(45), тројцата од Кичево и А.А.(59) од с.Туин, кичевско. При преглед во возилото „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, во кое биле, бил пронајден шприц со кафеава течност. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (25.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 535 возачи. Од нив 31 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 321 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 214 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 52 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

На 25.04.2023 во периодот од 08.00 до 20.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната, при што биле изречени вкупно 65 мерки (ТЕ-54 и ГВ-11). Од нив, 48 мерки (ТЕ-37 и ГВ-11) се однесувале на пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место, од кои 3 (ТЕ) за над 70 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 17 пречекорувања (ТЕ) на пропишаната брзина во населено место, како и 12 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-4). На сите прекршители им се изготвени соодветни поднесоци.

На 25.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 39 прекршоци, од кои 22 надвор од населено место и 17 во населено место. Санкционирани биле и 7 други видови на прекршоци, од кои, 1 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за некористење сигурносен појас и 4 за непрописно паркирање.

Во рамките на акциската контрола спроведена вчера (25.04.2023) од 05 до 10.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово на улица „Браќа Миладинови" во Тетово откриле и законски санкционирале две патнички моторни возила со тетовски регистарски ознаки: „хундаи" што го управувал 62-годишниот тетовец В.Б. и „форд транзит" управуван од 54-годишниот С.А. од тетовска Брвеница, а кои не ги поседувале потребните документи за вршење на јавен превоз. По документирање на случајот против нив ќе следуваат поднесоци.

На 25.04.2023 во 15.10 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на улица „Ванчо Прќе" во Гевгелија, патничко возило „фолксваген лупо" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Н.А.(20) од Гевгелија, удрило во велосипед управуван од Т.А.(54) од Гевгелија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила велосипедистката, констатирани во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на Одделението за внатрешни работи Гевгелија.

На 25.04.2023 околу 17.50 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека на ул.„Вељко Влаховиќ" во Дебар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв" со дебарски регистарски ознаки, управувано од А.П.(22) од Дебар и мопед без регистарски ознаки, управуван од Т.К.(43) од Дебар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Т.К. констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Дебар.

На 25.04.2023 во 08.45 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Маврово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „рено" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(74) од Скопје, патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Т.(42) од Скопје и патничко возило „хјундаи" со косовски национални ознаки, управувано од Ф.И.(60) од Косово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Т.Ѓ. од возилото "рено", а со телесни повреди се здобил возачот А.Б. констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 26.04.2023 во 00.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионален пат Радовиш - село Ораовица, на место викано „Рудина", В.Г.(46) од село Радичево, општина Василево, управувајки патничко возило „рено клио" со словенски национални ознаки, излетал од коловозот. Во Здравствен дом Радовиш кај возачот биле констатирани тешки телесни повреди, а увид на местото извршила екипа на Одделението за внатрешни работи Радовиш.

На 25.04.2023 во 18.40 часот во Полициската станица Центар, Н.Д.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Павел Шатев" била каснатa од куче скитник.

На 25.04.2023 во 19.45 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Е.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Зеничка" бил каснат од куче скитник.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.А.(29) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари" казниво по член 268 од Кривичниот законик. Пријавениот набавил фалсификувана банкнота од 100 евра и на 22.01.2022 ја пуштил во оптек при купување производи во продажен објект во скопско село. На тој начин тој се стекнал со противправна имотна корист.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.Г.(56) од с.Бурилчево-о.Чешиново-Облешево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.12.2022 во с.Лепопелци при извршен претрес во домот на пријавениот, како и во простории во негова сопственост биле пронајдени ловна пушка и патрони за ловна пушка калибар 16 мм.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.Ч.(36) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Во периодот од 28.09.2021 до 03.01.2023 пријавениот му продал на С.К. кокаин, марихуана, семки од марихуана, метамфетамин, амфетамин и диоксиметамфетин.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(21) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.06.2022 во Битола пријавениот му продал амфетамин на Н.П. од Битола.

На 25.04.2023 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Велес–Полициска канцеларија Градско ги лишиле од слобода Џ.Р.(22) и Ф.З.(22), двајцата од с.Батинци, општина Студеничани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по член 418 Д од Кривичниот законик. Околу 21.40 часот на регионалниот пат Градско – Велес, полициски службеници од СВР Велес дале знак за запирање на патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од Џ.Р., а сопатник бил Ф.З.. Возилото не застанало, продолжило со движење, по што излетало од патот и удрило во паркирани патнички возила „сеат" и „опел" со велешки регистарски ознаки. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот А.Х.(30) од Пакистан, додека со телесни повреди се здобиле Џ.Р., Ф.З. и М.С.А.(28), сопатник од Пакистан, констатирани во болницата во Велес. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 25.04.2023 во 18.20 часот на ул.„.Александар Урдаревски" во Скопје, полициски службеници ги привеле И.Т.(43) и И.Т.(46), двајцата од Скопје, затоа што по претходно случена сообраќајна незгода го нарушиле јавниот ред и мир, агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и се обиделе физички да ги нападнат. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.04.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје, Р.Р.(81) од с.Кондово, општина Сарај, пријавил дека околу 10.00 часот во с.Кондово бил физички нападнат со тврд предмет од З.Р.(45). Во врска со настанот, во 23.40 часот З.Р. пријавила дека околу 06.30 часот била физички нападната со тврд предмет од Р.Р.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.04.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, Ф.С.(22) од Скопје пријавил дека на 24.04.2023 околу 21.55 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.04.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, Ј.П.(31) од с.Марино, општина Илинден, пријавил дека во с.Марино бил физички нападнат од Д.Д.(82) од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.04.2023 во 01.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Маџари" настанал пожар во напуштена куќа. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 25.04.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Кичево, С.З.(62) од сДлапчин Дол, кичевско, пријавил дека на ул.„Гоце Делчев" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.С. од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "недозволена наплата или исплата во ефективни странски пари" На 18.03.2023 од полициски службеници од СВР Куманово бил затекнат пријавениот на плоштадот Маршал Тито додека на А.Ш.(53) од с.Липково, му вршел размена 50 евра, а при извршен преглед над пријавениот биле пронајдени 65.350 денари, 700 евра, 1.760 швајцарски франци, 30.000 српски динари, 162 американски долари, 2.732 бугарски левови кои ги користел за наплата и исплата во ефективни странски пари и обратно, со намера за себе да се стекне со противправна имотна корист, без притоа да има регистрирано правно лице или соодветна лиценца од НБРСМ.

На 25.04.2023 околу 11.20 часот во кругот на Полициското одделение Сарај, полициски службеници од Полициското одделение Сарај го лишиле од слобода А.С.(18) од с.Крушопек, општина Сарај, затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.С.(55) од Македонска Каменица и Т.С.(35) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "злоупотреба на службена положба и овластување". На 11.08.2020 С.С. како градоначалник на општина Македонска Каменица, ја злоупотребила својата службена положба и овластување, постапувајќи спротивно на чл.50 ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа и наместо имотот на општината да го евидентира и да спроведе транспарентна постапка за негово отуѓување, откако претходно се уверила дека двете цистерни за мазут не се водат како основно средство на основно училиште во Македонска Каменица, ангажирала јавно претпријатие од Македонска Каменица за откривање и вадење на цистерните. Второпријавениот го организирал отстранувањето на цистерните од јавна површина од Македонска Каменица преку правно лице од Кавадарци за износ од 147.200 денари. Со извршеното дело пријавените предизвикале вкупна материјална штета на општина Македонска Каменица во износ од 7.600.000 денари.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет